ФЗОРСМ
FSSHRMV
Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Број: 12
24-04-2025.2025 година
Скопје

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ – ЦЕЛИ КАЈ ИЗБРАН ЛЕКАР ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД ДЕЈНОСТА ГИНЕКОЛОГИЈА ЗА 2025 - 2026 ГОДИНА

Со донесување на ова Упатство, престанува да важи Упатството со арх. број 12-388/1 од 9.1.2024 година.

Изготвил: д-р Даниела Каркински
Согласен: Самир Незири/Samir Neziri (по овластување со арх. бр. 04-16948/1 од 13.9.2023 год.)
Проверено од Сектор информатика: Ардијан Решиди/Ardian Reshidi
Одобрил: д-р Силвана Андов (по овластување бр. 04-14891/1 од 16.8.2024 год.)
Лекторирал: Виолета Ташаминов

В.Д. ДИРЕКТОР,
Сашо Клековски

В.Д. ДИРЕКТОР,
Бранко Аџигогов

Доставено до:
Архива на ФЗОРСМ
Лекарска комора на Македонија
Здружение на приватни гинеколози на Македонија
Сектор за контрола
Раководители на подрачни служби на ФЗОРСМ
Одделение за внатрешна контрола во ФЗОРСМ
Одделение за внатрешна ревизија во ФЗОРСМ
Секторски директори
Советници на директори


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

## 1. Намена и цел на упатството

Со ова упатство се објаснува начинот на извршување на превентивните мерки и активности за постигнување на определени цели кај избраните лекари од дејноста гинекологија, во здравствените установи од примарната здравствена заштита, кои имаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: „Фонд“).

## 2. Примена на упатството

Упатството го применуваат избраните лекари од дејноста гинекологија во здравствените установи од примарната здравствена заштита, директорот на Фондот, директорите на сектори, раководителите на подрачните служби на Фондот, раководителите на одделенијата за контрола, овластените лица за контрола-вработени во централната и/или подрачните служби на Фондот, одговорните лица за процесите и овластениот персонал кој реализира активности на работните процеси, Сектор за информатика, Сектор за правни работи и Сектор за финансиско работење во Фондот.

## 3. Тек на активности

Активностите за реализација на превентивни мерки и активности на избраниот лекар гинеколог, се задолжителни Превентивните мерки и активности се вршат кај активни осигуреници кои го избрале лекарот.

Избраниот гинеколог/овластено лице за потпишување фактури потребно е планираните цели за тековниот квартал да ги евидентира на веб-порталот до последниот ден од тромесечјето, додека реализацијата на целите се евидентира на веб-порталот од 1. до 10. во месецот за претходното тромесечје, пред потпишување на електронската фактура.

Репланирањето на целите се врши тековно поради промена на бројот на осигурени лица и старосната структура.
Целите се реализираат квартално, а контролата на нивната реализација се врши на годишно ниво и тоа како редовна и вонредна контрола.

Редовна контрола на цели се врши на годишно ниво, односно по завршување на 2025, односно на 2026 година, а вонредна контрола на цели се врши при престанок на работниот однос на избраниот лекар во здравствената установа поради ново вработување, пензионирање или престанок на работен однос по друг основ. Во ваков случај, здравствената установа е должна една недела пред поднесување на барањето за еднострано раскинување на договорот, со писмо да побара од Фондот да се изврши контола на реализираните цели. Исто така, Фондот по службена должност може да врши контрола на реализираните цели, доколку има сознание за престанок на работниот однос на лекарот по кој било основ. Во случај на смрт на избраниот лекар, Фондот по службена должност врши контрола на реализираните цели.

Новиот двогодишен циклус за реализација на целите за 2025 и 2026 година го предвидува следново:

**Општи цели**

- **Обезбедување рационална потрошувачка на лекови согласно Упатствата за медицина базирана на докази и протоколите**

| Категорија | Број на рецепти |
|---|---|
| за женска популација на возраст над 12 години до крајот на животот за гинеколошко-акушерска ПЗЗ | 0.5 |

Заради остварување на целите, избраниот лекар гинеколог е овластен на осигурените лица кои го избрале, да им пропишува лекови на рецепт, согласно Листата на лекови на товар на Фондот за женска популација на возраст над 12 години за гинеколошко-акушерска примарна здравствена заштита. Осварување на оваа цел се оценува врз основа на реализираните рецепти за лековите од Листата на лекови на товар на Фондот.
Пропишувањето на рецепти за лековите од Листата на лекови издадени на рецепт во примарна гинеколошка здравствена заштита изнесува 5% од капитацијата.

- **Обезбедување дека сите издадени боледувања се во согласност со медицинските критериуми и се оправдани**

Остварувањето на оваа цел се оценува врз основа на бројот на издадени боледувања до 15 дена од страна на избраниот лекар гинеколог, кои се евидентирани во медицинската документација.
Избраниот лекар може да пропишува боледување до 15 дена најмногу просечно тромесечно по осигурено лице, во согласност со Правилникот и Критериумите за дијагностички постапки и оцена на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство,

| Категории на осигурени лица | Број на проценти за боледувања до 15 дена |
|---|---|
| за женска популација на возраст над 12 години | 2% |

Рационалното и оправдано издавање на боледување до 15 дена се проверува во медицинската документација кај избраниот лекар (врз основа на извештаите доставени од страна на здравствените установи).
Евентуалните пречекорувања на утврдениот процент на боледувања, избраниот лекар треба да ги оправда со објективните здравствени потреби на осигурениците, за што доставува извештај до подрачната служба на Фондот. Доставениот извештај од страна на избраниот лекар за оправданоста на пречекорувањата на процентот на боледување го проверува овластеното лице за контрола од подрачната служба за кое што составува записник.
Процентот на реализација на целта „Обезбедување дека сите издадени боледувања се во согласност со медицинските критериуми и се оправдани“ изнесува 2%.

**Превентивни цели**

- **Превенција на малигни заболувања на грлото на матката**

- Превентивни мерки и активности за малигни заболувања на грлото на матката-земање на брис од PVU ( Portio vaginalis uteri)

Спроведувањето на целта се врши на 30% од популацијата на осигурени жени на возраст од 21-59 години - за жени кои во последните три години не направиле ПАП тест. Целта се реализира со земање брис од PVU ( Portio vaginalis uteri), издавање упат, доставување на материјалот до цитолошка лабораторија, прием на резултатот, известување на жените за резултатот. Посетата се евидентира во медицинската документација.

Целта „Превенција на малигни заболувања на грлото на матката (земање брис од PVU ( Portio vaginalis uteri)" изнесува 16% од капитација.

- Колпоскопија по позитивен ПАП тест

Спроведување на целта се врши на 100%, односно сите осигурени жени со позитивен ПАП тест, пополнување Образец за колпоскопски преглед потпишан од осигурено лице и избран лекар и евидентирање на наодот во медицинската документација. Посетата се евидентира во медицинската документација.

Целта „Колпоскопија по позитивен ПАП тест изнесува 5% од капитацијата.

- **Превенција од заболувања и аномалии на плодот**

Спроведување на целта се врши на 100% бремени жени од 12 до 30 недела од бременоста. Целта се реализира со земање брис за микробиолошко испитување (микробиолошки брисеви од вагина и цервикс, брис за Chlamidia trachomatis и Mycoplazma/Ureoplazma), издавање упат, прием на резултатот, известување на жените за резултатот и пополнување на Образец за брис за микробиолошко испитување потпишан од страна на осигурено лице и избран лекар. Посетата на денот на реализација на целта се евидентира во медицинската документација.

Целта „Превенција од заболувања и аномалии на плодот" изнесува 2% од капитацијата.


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

- ✓ **Поканата испратена по пошта, смс порака или е-пошта, испратени до** осигурените лица за вршење на превентивен преглед, односно покана за реализација на превентивните мерки и активности, се признава како реализирана цел. Поканите треба да се испраќаат со одредена динамика во текот на целата година и при тоа да се земат во предвид просторните капацитети на здравствената установа (поканите за едно тромесечје се испраќаат најдоцна во вториот месец од тромесечјето). Покана за реализација на превентивните мерки и активности може да испрати само избраниот лекар на осигуреното лице.

Остварувањето на превентивните цели може да го врши и замената на избраниот **лекар**, но истите се сметаат како реализирани цели кај избраниот лекар. Покана за реализација на превентивните мерки и активности испратена од замената на избраниот лекар не се смета за реализирана цел.
Изјавата потпишана од страна на осигуреното лице со која истото потврдува дека одбива превентивен преглед и превентивни иследувања се признава како реализирана цел кај избраниот лекар.

**Прилог**: Табела 1. Превентивни мерки и активности во ПЗЗ за дејноста гинекологија
Образец за брис за микробиолошко испитување
Образец за колпоскопски преглед

**4. Референтни документи**

- Закон за здравствено осигурување

- Закон за здравствена заштита

- Закон за водење на евиденција во областа на здравството

- Правилник за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување
- Правилник за плаќање во примарна здравствена заштита
- Одлука за одредување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги (во примарна здравствена заштита, специјалистичко-консултативна здравствена заштита, болничка здравствена заштита)
- Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствана заштита-гинекологија


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

ОБРАЗЕЦ ЗА КОЛПОСКОПСКИ ПРЕГЛЕД

Име и презиме на пациентот:_______________________________________________

Матичен број на осигуреникот (ЕМБГ) ______________________________________

Број на картон____________________________________________________________

| | | |
|---|---|---|
| Извршен е колпоскопски преглед | Да | Не |

Оваа цел се спроведува кај сите осигурени жени со позитивен и ПАП тест, и носи 5% од надоместот за целите

Потпис на пациентот (своерачно)

____________________________________

Место и датум на прегледот

_________________________

Потпис и факсимил на избран лекар

___________________________

**Напомена: Податоците на овој образец се заштитени согласно законските пропис**

# ОБРАЗЕЦ ЗА БРИС ЗА МИКРОБИОЛОШКО ИСПИТУВАЊЕ

Име и презиме на пациентот:________________________________________

Матичен број на осигуреникот (ЕМБГ) ________________________________

Број на картон__________

| | | |
|---|---|---|
| Земен е брис за микробиолошко испитување | Да | Не |

Оваа цел се спроведува кај сите осигурени бремени жени од 12 до 30 недела на бременост и носи 2% од надоместот за целите.

Потпис на пациентот (своерачно)

____________________________

Место и датум на прегледот

________________________

Потпис и факсимил на избран лекар

____________________________

**Напомена: Податоците на овој образец се заштитени согласно законските прописи.**

*Табела 1. Превентивни мерки и активности во ПЗЗ за дејност гинекологија за 2025/2026 година*

| Цели | Активности на избраниот лекар | Целна група | Индикатори | Извор на верификација | % од капитација | Корелација со МЗ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Општи цели*** | | | | | | |
| **Потрошувачката на лекови е рационална, согласно регулативата и спречени се злоупотреби** | Рационално пропишување на лекови од Листата на лекови на товар на Фондот | Сите осигуреници | Број на реализирани рецепти на осигурените лица кои го избрале лекарот гинеколог да им пропишува лекови со режим на пропишување „R“ (избран лекар) | ФЗО | 5% | - |
| **Обезбедување дека сите издадени боледувања се во согласност со медицинските критериуми и се оправдани** | Издавање на боледување според Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремената спреченост за работа поради болести и повреди и нега на болен член од потесното семејство | Сите осигуреници | Број на издадени боледувања до 15 дена од страна на избраниот лекар, кои се евидентирани во медицинската документација | Медицинска документација ИСР обрасци | 2% | - |
| ***Превентивни цели*** | | | | | | |
| **Превенција на малигни заболувања на грлото на матката** | Поканување - Земање на брис од PVU ( Portio vaginalis uteri); Издавање упати доставување на материјал до цитолошка лабораторија, прием на резултат и известување на жените за резултатот | 30% од популацијата на осигурени жени на возраст од 21-59 години за жени кои во последните 3 години не направиле ПАП тест | Број испратени покани по пошта, смс или е-маил,<br>Број на земен материјал за ПАП тест<br>Број на издадени упати и доставени материјали до цитолошка лабораторија<br>Број на цитолошки извештаи за резултатот од ПАП тестот<br>рој на известени жени за резултат (лична достава/телефонски контакт/смс/е-маил) | Испратени покани Мој термин Цитолошки извештаи | 16% | Програма за рана детекција и скрининг на малигни заболувања |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Колпоскопија по позитивен ПАП тест | 100%, за сите осигурени жени со позитивен ПАП тест | Број на добиени извештаи со позитивен наод од ПАП тест<br>Број на направени колпоскопии<br>Пополнет Образец за колпоскопски преглед , број на испратени покани по пошта, смс или е-маил, | испратени покани,пополнети обрасци | 5% | - |
| **Превенција од заболувања и аномалии на плодот** | Земање на брис за микробиолошко испитување (микробиолошки брисеви од вагина и цервикс, брис за Chlamydia trachomatis и брис за Mycoplasma/Ureaplasma), Издавање на упат, прием на резулат и известување на жените за резултатот | 100%, за сите бремени осигурени жени од 12 до 30 недела на бременост | Број на земени микробиолошки брисеви<br>Број на издадени упати<br>Број на извештаи од микробиолошките испитувања<br>Пополнет Образец за земени брисеви<br>Број на известени жени за резултат (лична достава/телефонски контакт/смс/е-маил) | мој термин, пополнети обрасци, испратени покани | 2% | Има стимулација од фондот (2 бода од капитација за секоја бремена жена) |